# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## *НА ОПШТИНА ПРИЛЕП*

| | | |
|---|---|---|
| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 1 Ноември 2006 година<br>Службен гласник број 12<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |

***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПАТРОН - СВЕТЕЦ ЗАШТИТНИК НА ГРАД ПРИЛЕП**

1. Одлуката за определување патрон - Светец заштитник на град Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1963/3
01.11.2006 година
П р и л е п

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 22 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 14 став 1 точка 5 и член 26 став 1, точка 46 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за определување патрон - Светец заштитник на град Прилеп

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува патрон - Светец заштитник на град Прилеп.

**Член 2**

Како патрон - Светец заштитник на град Прилеп се определува Светецот Св. Никола.

**Член 3**

Одбележувањето - чествувањето на патронот - Светецот заштитник на град Прилеп Св. Никола ќе се врши секоја година со прослава во организација на Градоначалникот на Општината.

Прославата ќе се организира во склад со обичаите за одбележување на празникот “Св. Никола” во соработка со надлежните во Прилепската епархија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1955/4
31.10.2006 година
П р и л е п

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Прилеп
Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2006/ 2007 ГОДИНА НА ГИМНАЗИЈА "МИРЧЕ АЦЕВ" – ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на Гимназија "Мирче Ацев" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 годин на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа во учебната 2006/2007 година на СОУ Гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп

1. Се усвојува Годишната Програма за работа во учебната 2006/2007 година на СОУ Гимназија "Мирче Ацев" - Прилеп.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1955/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2006/ 2007 ГОДИНА НА СОУ "ОРДЕ ЧОПЕЛА" – ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на СОУ "Орде Чопела" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа во учебната 2006/2007 година на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп

1. Се усвојува Годишната Програма за работа во учебната 2005/2006 година на СОУ "Орде Чопела" - Прилеп.
2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1955/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ВО УЧЕБНАТА 2006/ 2007 ГОДИНА НА ОМУ "ОРДАН МИХАЈЛОСКИ – ОЦКА" – ПРИЛЕП**

1. Решението за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на ОМУ "Ордан Михајлоски – Оцка" – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 30 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003)), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за усвојување на Годишната Програма за работа во учебната 2006/2007 година на ОМУ "Ордан Михајлоски - Оцка " - Прилеп

1. Се усвојува Годишната Програма за работа во учебната 2006/2007 година на ОМУ "Ордан Михајлоски - Оцка " - Прилеп.

2. Решението ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 – 1955/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006година на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА СОСТОЈБАТА НА ГРОБИШТАТА ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата за состојбата на гробиштата во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 31.10.2006 година, претресувајќи ја Информацијата за состојбата на гробиштата во Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
за усвојување на Информацијата за состојбата на гробиштата во Општина Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за состојбата на гробиштата во Општина Прилеп.

2. На гробиштата во Варош да не се врши закоп. За ромските гробишта, Секторот за урбанизам да предложи Урбанистичко решение. Да се врши закоп додека просторот тоа го дозволува, а најдоцна до донесувањето на Урбанистичкото решение.

3. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1955/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаnџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТОПОЛИТЕ ВО КОМПЛЕКС КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА – ФИЛИЈАЛА ПРИЛЕП**

1. Заклучокот за усвојување на Информацијата за тополите во комплекс Комерцијална банка – Филијала Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, на седницата одржана на 31.10.2006 година, претресувајќи ја Информацијата за тополите во комплекс Комерцијална банка – Филијала Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Информацијата за
тополите во комплекс Комерцијална
банка – Филијала Прилеп

1. Се усвојува Информацијата за тополите во комплекс Комерцијална банка – Филијала Прилеп

2. Заклучокот ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 1955/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈКП “ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА” – ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на член 17 и 18 од Законот за јавните претпријатија (“Службен весник на РМ” бр. 38/96), член 36 став 1 точка 5 од Законот за Локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002) и член 26 став 1 точка 29 од Статутот на Општина Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр. 6/2003), Советот на Општина Прилеп на седницата, одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување и именување членови на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” - П р и л е п**

1. Митрикески Сотир се разрешува од функцијатата член на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” - Прилеп, именуван со Решение број 07 – 1215/7 од 05.07.2005 година.

2. За член на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп, се именува Оливера Дукоска, дипл. Технолог, телефон 070/594-964.

3. Решението да се достави до именованите, ЈКП “Водовод и канализација”, Градоначалникот и архивата на Општина Прилеп.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 07 - 1955/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 година на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАДОМЕСТОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патиштаи улици во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
Прилеп Марјан Ристески

Врз основа на чл.104 од Законот за јавните патишта (“Сл.весник на РМ”бр.26/96,40/99,29/02 и 68/04) и чл.36 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ”бр.5/02), Советот на општина Прилеп, на седницата одржана на ден 31.10.2006г., донесе:

**О Д Л У К А**

за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп

Чл.1

Во Олуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Прилеп,(Сл.гласник на општина Прилеп бр.9/2006) во членот 2, став 3 се брише и се додаваат 2 нови ставови кои гласат:

"Висината на надоместокот ќе биде 3.000,00 денари од 1 км. користење на локалниот пат, доколку превозот трае повеќе од еден час, ќе се наплатува 5.000,00 денари од 1 час користење на пат за вонреден превоз.

За секое надминување на оскиното оптоварување над дозволеното, ќе се наплатува надоместок во висина од 1000 денари/ за секој тон/ надминато оскино оптоварување по должен километар.

Чл.2

Член 6 се менува и гласи:

"Надоместок за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на локален пат надвор од населено место изнесува 100,00 денари по м2 месечно."

Чл.3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Прилеп

| | |
|---|---|
| Бр. 07 – 1955/12 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 31.10.2006 год. | на Совет на општина Прилеп |
| Прилеп | Димитар Стеванаџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ЈП ЗА ПУП ДО КРАЈОТ НА 2006 ГОДИНА**

1. Одлуката за одобрување на Барањето за субвенционирање на ЈП за ПУП до крајот на 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 08 – 1963/11 | ГРАДОНАЧАЛНИК |
| 01.11.2006 година | на Општина Прилеп |
| П р и л е п | Марјан Ристески |

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" 5/2002) и член 26 став 1 точка 32 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на Општина Прилеп, претресувајќи го Барањето за субвенционирање на ЈП за просторни и урбанистички планови, до крајот на 2006 година, на седницата држана на 31.10.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

за одобрување на Барањето за субвенционирање на ЈП за просторни и урбанистички планови, до крајот на 2006 година

Член 1

Се одобрува Барањето за субвенционирање на ЈП за просторни и урбанистички планови, до крајот на 2006 година, во износ од 659.310,оо денари.

Член 2

Барањето да се реализира од средствата предвидени во Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, во висина на одобрените средства од ставка 461 - Субвенции за јавни претпријатија.

Член 3

Се овластува Градоначалникот на Општина Прилеп да ја реализира Одлуката.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Прилеп".

| | |
|---|---|
| Број 07 – 1955/13 | ПРЕТСЕДАТЕЛ |
| 31.10.2006 година | на Советот на Општина Прилеп |
| Прилеп | Димитар Стеванаџија |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член

48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОУ “КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” – ПРИЛЕП**

1. Решението за разрешување и именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ “Климент Охридски” – Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/12 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 57 од Законот за изменување и дополнување на Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" 63/04) и член 26 став 1 точка 45 од Статутот на општина Прилеп ("Службен гласник на општина Прилеп" 6/2003 и 4/2005), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на 31.10.2006 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
за разрешување и именување претставници на општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ "Климент Охридски" - Прилеп

1. Билјана Велjаноска се разрешува од функцијата член на Училишниот одбор на ОУ "Климент Охридски " - Прилеп, именувана со Решение за именување претставници на општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ " Климент Охридски" - Прилеп (“Службен гласник на Општина Прилеп” бр.14/2005).

2. За член на Училишниот одбор на ОУ "Климент Охридски” - Прилеп, се именува Пацаноски Цане ул. “Димо Наредникот” бр. 41, телефон 070/888-990.

3. Решението влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

4. Решението да се достави до именуваните, ОУ " Климент Охридски " - Прилеп, градоначалникот и архивата на општина Прилеп.

Број 07 – 1955/ 14 ПРЕТСЕДАТЕЛ
31.10.2006 година на Советот на општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРЕТ КВАРТАЛ ЗА БУЏЕТСКАТА 2006 ГОДИНА**

1. Финансискиот извештај за трет квартал за буџетската 2006 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 1963/1 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РЕБАЛАНСОТ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2006 ГОДИНА**

1. Ребалансот на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 1963/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
01.11.2006 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

## *С О Д Р Ж И Н А*
### *на “Службен гласник на Општина Прилеп”*
### *бр. 12 од 01.11.2006 година*

1. Одлука за определување патрон - Светец заштитник на град Прилеп........................................................................................ **Стр.1**

2. Решение за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на Гимназија “Мирче Ацев” – Прилеп. .. **Стр.2**

3. Решение за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на СОУ “Орде Чопела” – Прилеп. ......... **Стр.2**

4. Решение за усвојување на Годишната програма за работа во учебната 2006/ 2007 година на ОМУ “Ордан Михајлоски – Оцка” – Прилеп. .............................................................................................. **Стр. 3**

5. Заклучок за усвојување на Информацијата за состојбата на гробиштата во Општина Прилеп. ........................................................ **Стр.3**

6. Заклучок за усвојување на Информацијата за тополите во комплекс Комерцијална банка – Филијала Прилеп. .......................... **Стр. 4**

7. Решение за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈКП “Водовод и канализација” – Прилеп. .......................... **Стр. 4**

8.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување надоместоци за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патиштаи улици во Општина Прилеп...................................................................**Стр. 5**

9. Одлука за одобрување на Барањето за субвенционирање на ЈП за ПУП до крајот на 2006 година. ....................................................... **Стр. 5**

10. Решение за разрешување и именување претставници на Општина Прилеп во Училишниот одбор на ОУ “Климент Охридски” – Прилеп. ........................................................................................ **Стр. 6**

11. Финансиски извештај за трет квартал за буџетската 2006 година. ........................................................................................ **Стр.7**

12. Ребаланс на Буџетот на Општина Прилеп за 2006 година. ........................................................................................................ **Стр.19**

ИЗДАВА: Општина Прилеп
ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК: Марјан Ристески - Градоначалник на Општина Прилеп
ДИЗАЈН И КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА: Горица Чатлеска
ПЕЧАТИ: Одделение за правни и општи работи. Тираж: 60 примероци.